# ОД РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ ОД БИТОЛА И БИТОЛСКО ВО ПЕРИОДОТ МАРТ 1968 — МАЈ 1970 ГОДИНА[1])

Уште во почетокот на својата дејност Управата си постави пред себе задача, со чие реализирање би се оправдало постоењето на самото Друштво. Пред сè тоа беа прашања сврзани со консолидирањето на Друштвото како такво, зголемување бројот на членството, вклучување во разгледување на проблеми сврзани со реализација на историската настава, како и вклучување во сите општински манифестации што носат историски белези.

Управата откако се конституира неколкуте свои состаноци ги посвети на организационото зацврстување на Друштвото, како и поставување на конкретни задачи за реализирањето на програмата на Друштвото, усвоена на последното годишно собрание. Во врска со организационото зацврстување на Друштвото беа изготвени пристапници за зачленување со цел да се има прегледност на членството. Пристапниците беа доставени на сите училишта, т е. на сите наставници по историја во градот и селата на Општината, како и на историчари што работаат во Историскиот архив и Народниот музеј. Како резултат на оваа акција во Друштвото се зачленија приличен број историчари. Меѓутоа, мораме да констатираме дека сè уште има историчари од училиштата од I и II степен кои, иако знаат дека постои Друштво, сè уште не се зачленети во него, а некои пак со својата неактивност и незаинтересираност своето членство го сведе на чиста формалност.

Во врска со реализацијата на програмата Управата на Друштвото му достави на Општинскиот одбор за прослава на 65 годишнината на Илинденското востание список на историчари кои ќе му стојат на располагање како предавачи по работните организации и места. Неколку членови на Друштвото беа активно вклучени во Одборот за прослава на Илинденското востание. Во врска со тоа беше приготвено типско предавање на тема „65 години на Илинденското востание" кое му беше ставено на располагање на Општинскиот синдикален совет и преку него поделено по работните организации. Исто така, еден член на Друштвото изготви монографија за битолскиот војвода Ѓорѓи Сугарев која беше отпечатена од Одборот за прослава во Битола. По задолжение од Управата група историчари изготвија и читаа преку „Радио Битола" пригодни научно-популарни предавања за настани и личности од историјата на македонскиот и другите народи. На барање од Одборот за прослава, група историчари посочија објекти и изготвија пригодни текстови за спомен-плочи и споменици кои беа свечено откриени на Илинден, 1968 година.

Набрзо по ова (крајот на април 1968) Друштвото одржа и посебен состанок на кој покрај читање на реферат за конкретизација на мате-

---

[1]) Од Извештајот на Управата на Друштвото на историчарите од Битола и Битолско, поднесен на собранието на истото, на 17 мај 1970 година.

ријалот од илинденскиот период од националната историја и прикажување на стручни филмови, посебно се водеше дискусија да се ангажира членството и посебно Управата во заедница со Заводот за школство во сите подготовки за спроведување на општинската и републичката олимпијада по историја за учениците од основните училишта. Можеме да констатираме дека подготовките беа солидно извршени, а учеството на учениците беше целосно со завидни успеси, бидејќи една прва и неколку втори републички награди зедоа ученици од нашата Општина.

По подготовките на Управата на 30 и 31-VIII-1968 год. Друштвото организира семинар по историја за наставниците од училиштата од I и II степен со разновидна и квалитетна работна програма во која имаше излагања од областа на методиката на наставата по историја како, на пример, „Користењето на учебникот и историската читанка во наставата"; изнесени се и реферати за „Културно-историските споменици во нашиот крај и нивното користење во наставата по историја"; „Согледувања во наставата по историја во училиштата од I и II степен"; „Конкретизација на наставната програма", како и „Впечатоци од Симпозиумот Илинден 1903". Во врска со последното Управата вложи посебни напори за присуство на членовите на симпозиумот на кој еден наш член зеде и учество со свој прилог.

Неколку состаноци на Управата во втората половина на 1968 година и почетокот на 1969 беа посветени на изготвување на програма за наредната работа на Друштвото, како и на статут на Друштвото.

Како резултат на тие напори Управата изготви предлог програма и предлог статут. На посебен состанок на Друштвото одржан во крајот на јануари 1960 год. предлог-програмата и Статутот беа усвоени. Во програмата посебен акцент беше ставен на активноста на Друштвото во целост во врска со јубилејната 1969 год. за повеќе историски настани: Стогодишнината од смртта на В. Главинов, Илјадагодишнината од постанокот на Самуиловото царство, Педесетгодишнината од формирањето на КПЈ, 25 години од I заседание на АСНОМ, 25 години од ослободувањето на Битола и сл. Покрај тоа програмата опфати и одржување на семинар за стручно издигање на членството во заедница со заводот за школство.

Едногодишната активност на Друштвото во 1969 год. беше насочена кон реализирање на програмата. Во таа смисла поедини членови на Друштвото беа задолжени со изготвување на реферати и предавања. Меѓутоа, мораме да констатираме дека еден дел од програмата не беше реализиран, поради тоа што ангажираните членови не ги исполнија поставените задолженија. Остварувајќи ја програмата Друштвото на 27 IV одржа состанок со свечен дел, посветен на прославувањето на 50-годишнината на КПЈ. На свечениот дел беше прочитан пригоден реферат на таа тема.

Во настојување да се вклучи во општински размери во прославата на јубилејните историски настани, управата настојуваше и овој пат да оствари соработка со општински форуми заинтересирани за прославите. Така изготвениот реферат за 50 години на КПЈ му беше ставен на располагање на Општинскиот ко-

митет на СКМ — Битола, а реферат посветен на 25 год. од АСНОМ на Општинскиот одбор за прослава на овој јубилеј. Кога зборуваме за оваа соработка сметаме за потребно да констатираме дека нашите настојувања да добиеме извесна финансиска помош, со која би ја засилиле активноста на Друштвото, од општинскиот фонд за финансирање на вакви дејности, не наидовме на разбирање, т.е. побараната сума од 200.000 ст. динари не ни беше дадена со мотивација дека средствата претходно биле ангажирани за други дејности. Сепак, ова не треба да нè обесхрабри и да ги намали нашите настојувања за континуирано остварување на соработката со надлежните форуми што се занимаваат со општествени дејности, кое, секако, ќе придонесе за поголемо разбирање на нашите потреби од нивна страна.

Во втората половина на 1969 година како позитива во активноста на управата може да ѝ се припише ангажирањето да обезбеди присуство на што поголем број членови на Друштвото на V Конгрес на историчарите од СФРЈ во Охрид. Исто така, управата настојуваше, во соработка со управите на историските друштва на СРМ, да го популаризира XIII меѓународен конгрес во Москва, за да придонесе и наши историчари, преку организирана научна екскурзија да присуствуваат на конгресот. Успеавме 7 наши членови да го пријават своето присуство на конгресот.

Благодарение на разбирањето што го најдовме кај Заедницата за финансирање на образованието во Битола, управата успеа да обезбеди учество на два наставника на подвижниот семинар што го организира Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија.

Сметаме за потребно да изнесеме дека во извештајниов период постоеше тесна врска меѓу нашата управа и Сојузот на историските друштва на СРМ. Ние со задоволство констатираме дека оваа соработка даде многу добри резултати. На крајот би констатирале дека присуството на состаноците на управата на Друштвото во целост беше задоволително, а членарината редовно плаќана.

Битола, мај 1970 г.

**Ѓорѓи Танковски**
секретар и,
**Ѓорѓи Димовски**
претседател на Друштвото на историчарите од Битола и Битолско